Општина Кочани
Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 08-1212/16
23.08.2024 год.
КОЧАНИ

Врз основа на член 9 од Правилникот за начинот на организирање на културна манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани бр.09-2249/1 од 15.12.2017 година донесен од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.13/2017) и во согласност со Програмата за култура на Општина Кочани за 2024 година бр.09-2208/1 од 15.12.2023 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.14/2023), Одлуката за отпочнување на активности за организирање на културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани за 2024 година и за формирање на организационен одбор бр.08-1212/3 од 22.07.2024 година и Одлуката за започнување на постапка за организирање и спроведување на настанот „Избор на жетварска убавица на општина Кочани“ во рамки на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани, Одделението за јавни дејности заедно со Организациониот одбор формиран со Одлука на Градоначалникот бр.08-1212/15 од 23.08.2024 година на ден 23.08.2024 година објавува јавен

## КОНКУРС

### за учество во Изборот на жетварска убавица на општина Кочани за 2024 година

1. Општина Кочани распишува конкурс за избор на жетварска убавица на општина Кочани за 2024 година во рамки на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“.
   Конкурсот се објавува на веб страната на Општина Кочани, на огласна табла на Општина Кочани и во локалните ТВ медиуми
   **Услови за учество и опис на административната постапка за пријавување, селекција и избор**: На конкурсот може да се пријават девојчиња кои се жители на општина Кочани и се на возраст од 15 до 20 години.
   Во изборот на жетварска убавица може да учествуваат најмногу 15 девојчиња.
   Општинската администрација врши претселекција на пријавените кандидатки.
   Изборот на жетварска убавица на општина Кочани го врши жири комисија составена од 5 члена, од кои претседателот е од општинската администрација, а останатите членови се претставници од обласа на уметноста и убавината (стилисти). Изборот на жетварска убавица на општина Кочани се врши со гласање на жири комисијата во два круга на следниот начин: - првиот круг се гласа за шест девојки со бодови 2,4,6,8,10 и12. - вториот круг се гласа за три девојки со бодови 8,10 и 12. Девојката која ќе добие најмногу бодови се избира за жетварска убавица на општина Кочани, а останатите две девојки според освоени бодови се избираат за прва и втора придружничка на жетварската убавица. На сите учеснички кои учествуваат во Изборот на жетварска убавица на општина Кочани се доделуват пригодни подароци, а на жетварската убавица и нејзините две придружнички Градоначалникот доделува посебни подароци со вредност до 30.000,00 денари.
   **Краен рок за пријавување**: Конкурсот **<u>трае до 30.08.2024 година</u>** од денот на објавување.
2. **Потребна документација и начин на пријавување**: Сите заинтересирани кандидатки кои ги исполнуваат услови за учество на конкурсот за избор на

жетварска убавица на општина Кочани за 2024 година треба да ги поднесат следните документи:

- Пријава од кандидатката, со кратка биографија,
- Копија од лична карта, а за малолетни- копија од извод на родените,
- **Изјава за давање согласност за користење и употреба на личните податоци**, доколку кандидатката е малолетна потребно е **Изјава од родителите за давање согласност за учество на нивната керка на објавениот конкурс за избор на жетварска убавица и писмена изјава за давање согласност за користење и употреба на личните податоци од родителите и пријавениот кандидат** (по една изјава за секој);

**Лице за контакт: Ивана Карова Коцева, тел. 076/210-530, i.karova@kocani.gov.mk или info@ kocani.gov.mk**

3. Постапката ја спроведува општинската администрација- Одделението за јавни дејности заедно со Организациониот одбор формиран со Одлука на Градоначалникот бр.08-1212/3 од 22.07.2024година.
Постапката се спроведува согласно Правилникот за начинот на организирање на културна манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани бр.09-2249/1 од 15.12.2017 година донесен од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.13/2017), Програмата за култура на Општина Кочани за 2024 година бр.09-2208/1 од 15.12.2023 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.14/2023), Одлуката за отпочнување на активности за организирање на културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани за 2024 година и за формирање на организационен одбор бр.08-1212/3 од 22.07.2024 година и Одлуката за започнување на постапка за организирање и спроведување на настанот „Избор на жетварска убавица на општина Кочани“ во рамки на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани бр.08-1212/15 од 23.08.2024 година.

ОПШТИНА КОЧАНИ

Одделение за јавни дејности
Раководител
Аника и.Ѓеорѓиева

Организационен одбор
Претседател
Драган Ананиев